Акционерско друштво за приредување игри на среќа
Државна лотарија
на Република Северна Македонија
Бр. 02-7067/2
14.12. 2020 год.
СКОПЈЕ

*Извадок од Записникот*

*од Триесетиот состанок на*

*Надзорниот одбор на Државна лотарија*

**- одржан на 1412.2020 година**
**во Скопје -**

На состанокот кој се одржа на 14.12.2020 година преку видео конференциска врска, присуствуваа следниве членови на надзорниот одбор:

1. Скендер Мехмети
2. Бојан Јанев
3. Фатмир Рамаданоски и
4. Александар Димитријоски.

На состанокот присуствуваше и Катица Николовска - Прнаркова, во својство на генерален директор на Државна лотарија.

Присутните членови на Надзорниот одбор, утврдија дека има кворум за одржување на состанокот на одбор на друштвото, по што се пристапи кон разгледување на точките предвидени во дневниот ред помеѓу кои и Предлог – Одлука за разрешување на член на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и Предлог – Одлука за избор на член на управнниот одбор и именување на заменик на претседателот на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Во однос на точката од дневниот ред која се однесуваше на Предлог – Одлука за разрешување на член на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, реферираше претседателот на надзорниот одбор кој предложи Благоја Лазаревски се разрешува од должноста член на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа во државна сопственост – Скопје, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

По завршеното излагање и дискусии во однос на оваа точка, претседателот на надзорниот одбор ја стави на гласање Предлог - Одлуката за разрешување на член на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, по што присутните членови на одборот едногласно ја донесоа Одлуката за разрешување на член на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Во однос на точката од дневниот ред која се однесуваше на Предлог – Одлука за избор на член на управнниот одбор и именување на заменик на претседателот на управниот одбор на Акционерското

друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, реферираше претседателот на надзорниот одбор кој предложи за член на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа во државна сопственост, Државната лотарија на Македонија да се избере Перпарим Бајрами и истиот да се именува за Заменик претседател на управниот одбор на друштвото.

По завршеното излагање и дискусии во однос на оваа точка, претседателот на надзорниот одбор ја стави на гласање Предлог - Одлука за избор на член на управнниот одбор и именување на заменик на претседателот на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, по што присутните членови на одборот едногласно ја донесоа Одлука за избор на член на управнниот одбор и именување на заменик на претседателот на управниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Записничар: Надица Антоновска ______________

**Бојан Јанев, член**

**Фатмир Рамаданоски, член**

**Александар Димитриоски, член**

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**

**Скендер Мехмети**